МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# ИНФОРМАЦИЈА

**за остварените резултати во функција на реализација на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2017 година**

**Февруари 2018 година**

**Во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на РМ за 2017 година( период јуни-декември): Развој на економијата, зголемување на продуктивноста, вработеноста и подигнување на животниот стандард на граѓаните и Република Македонија - членка на НАТО и Европската унија, Министерството за економија ги реализираше следните активности :**

## I. Меѓународна трговска соработка:

- Унапредување на односите и јакнење на соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план
- Создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава
- Активно учество во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици, вклучително тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци и миграциите
- Олеснување на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги преку склучување на Договори за слободна трговија и договори за трговска и економска соработка, либерализација на трговијата со стоки и услуги и идентификување и намалување на бариерите во трговијата во рамките на склучените договори
- Имплементација на ЦЕФТА Договорот и остварување на стратешките приоритети во ЦЕФТА
  - Понатамошно зајакнување на економската и трговската соработка, со земјите од регионот согласно Стратегијата ЈИЕ 2020;
  - Склучување на Регионален Дополнителен протокол 5 за олеснување на трговијата
  - Финализирање на Дополнителен протокол 6 за трговија со услуги
  - Ратификација на ЦЕФТА Дополнителниот протокол 5 за олеснување на трговијата
  - Продолжување на преговорите за склучување на Спогодба за признавање на професионалните квалификации
  - Олеснување на слободното движење на инвестиции, експерти, професионалци и вешта работна сила
  - Формирање на Поткомитет за услуги во ЦЕФТА и работна група за признавање на професионални квалификации
  - Креирање на конкурентна економска средина со зајакнување на трговската промоција и транспарентност во рамките на ЦЕФТА ;
  - Зајакнување на мониторингот на имплементацијата на ЦЕФТА;
  - Оддржување на синергијата помеѓу имплементација на ЦЕФТА и Стратегијата на ЈИЕ 2020;
  - Имплементација на постојните договори за трговска и економска соработка;

- Иницирање на договори за трговска и економска соработка со Босна и Херцеговина и Полска

- Формирање на Национален комитет за олеснување на трговијата
- Формирање на Информативно тело за олеснување на трговијата на Владата на Република Македонија за Светската трговска организација ;
- Формирање на Комитет на контакт точки
- Доставена е апликација за пристапување кон СТО Спогодбата за јавни набавки
- Доставени се одговори на контролниот прашалник за обезбедување на информации во врска со пристапувањето кон Спогодбата за јавни набавки
- Подготвена е понуда за пристапување кон СТО Спогодбата за јавни набавки
- Формирана е Работна Група за разгледување на Предлог иницијативата во врска со Работната програма на СТО за е-трговија
- Подготвена е Предлог Уредба за изменување на Уредбата за постапки за нотификација на стандарди, технички прописи и постапки за оценка на сообразност и санитарни и фитосанитарни мерки

- Одржана е 7-та седница на Мешовитата македонско – баварска меѓувладина комисија на 28-29 ноември 2017 година, Скопје
- Усогласување на македонското со ЕУ законодавството во делот на трговската политика;
- Продолжување на активностите за развој и унапредување на меѓународните трговски односи на земјата, со предлагање на мерки за унапредување и развој на трговска соработка со земјите од ЕУ, ЈИЕ и останатите земји од светот;
- Интегрирање во глобалната економија преку измена на Протоколите за потекло на стоката во Договорите за слободна трговија со ЕУ, ЕФТА, ЦЕФТА и со Република Турција;
- Примена на Протоколот 4 кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините членки;
- Имплементација на Регионалната конвенција за Пан-евро медитеранската кумулација на правилата за потекло на стоката;
- Продолжување со имплементацијата на Договорите за слободна трговија со ЕУ, ЕФТА државите, Украина и Турција ;
- Понатамошно усогласување на надворешно-трговската политика и надворешно-трговскиот режим на Република Македонија во согласност со меѓународните договори и конвенции
- Подготвена е нова листа на стоки и технолгии со двојна употреба согласно Регулативата на ЕУ 1969/2016 од 12.09 2016 година.
- Подготвен и објавен е на ЕНЕР предлог Законот за услуги
- Подготвени се измени на Законот за трговија со цел остранување на ограничувањата во местата на продажба и времето на продажба

- Продолжување на активностите за извозна контрола на стоки и технологии со двојна употреба со успешна примена на Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии за двојна употреба.
- Имплементација на Законот за трговија, Законот за тутун и тутунски производи (издавање на лиценци за продажба на алкохолни пијалоци, решенија за упис во регистрите за тутун и за тутунски производи)
- Донесена е Одлука за укинување, на увозните давачки за други производи од кожа или од вештачка кожа

- Донесена е Одлука за укинување, на увозните давачки - царинската стапка за ткаенини од предиво со голема јачина, од најлон или од други полиамиди или од полиестри
- Донесена е Одлука за укинување, на увозните давачки за други производи од кожа или од вештачка кожа
- Донесена е Одлука за укинување, на увозните давачки - царинската стапка за ткаенини од предиво со голема јачина, од најлон или од други полиамиди или од полиестри
- Донесена е Одлука за забрана за продажба на одделни нафтени деривати

## II. <u>Од индустриска и инвестициска политика реализирани се следните активности</u>

- Реализирани се деловите Б и В за Имплементација на индустриска политика и Поддршка на кластерското здружување преку кофинансирање на трошоци за:
  а) деловни субјекти за развој на деловен субјект,
  б) развој на производ,
  в) развој на пазар;
  г) реализација на специјализирани обуки и
  д) поддршка на проекти од кластерските здруженија.

- **НПАА Поглавје 20**
  Реализирани планираните активности поврзани со ревизија на индустриска политика поддржани со Проектот за ревизија на индустриската политика, финансиран од ЕУ (оценка на досегашната имплементација на индустриската политика, анализа на кластерските политики, развој на систем за мониторинг и евалуација, развој на нов

концепт за веб страната www.konkurentnost.mk , како интегриран портал за промоција на конкурентноста).

- Во 2017 година продолжени се активностите за имплементацијата на стратешкиот документ Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020, како дел од приоритетите на Владата за зголемување на конкурентноста на економијата.
- Индустриската политика на Република Македонија 2009-2020, претставува еден од клучните документи на интегрирана политика која води кон зголемување на конкурентноста на економијата на долг рок, базирана на знаење и иновации, преку јасно поставување на општо прифатена визија, координација меѓу институциите, дефинирање на клучните области за интервенција и конкретни мерки. Клучните области опфаќаат поддршка на деловниот сектор во: иновации, истражување и развој; развој на мали и средни претпријатија; развој на кластери; поддршка во интернационализација – извозна и инвестициска политика; поддршка на еко производи и услуги.
- За имплементација на Индустриската политика тековно се одвиваше комуникација и консултации со развојните стејкхолдери во насока на креирање и имплементација на политиките и мерките предвидени со индустриската политика.
- Дел од мерките на индустриската политика се имплементираа преку постојните програми. Во 2017 година се реализираше Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво. Во делот на Имплементација на индустриската политика, беа поддржани деловните субјекти во функција на зголемување на нивната конкурентност (поддршка преку надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за развој на еловниот субјект, развој на производ, развој на пазар), како и поддршка на патенти и иноваторите (за истражување на пазарот за комерцијализација на патенти, учество на домашни и меѓународни настани за иновации, трошоци за аплицирање за испитување на патенти во меѓународни организации).
- Во 2017 беше одобрен проект за Ревизија на индустриската политика, кој е поддржан од Европската делегација. Во рамки на овој проект треба да се направи ревизија на индустриската политика и нејзно ревидирање, воспоставување на систем за мониторинг и евалуација, надградба на веб

страната www.konkurentnost.mk, како и поддршка на кластерските политики и здруженија.

- Во 2017 година се реализираше соработка со проекти од донатори поврзани со индустриска политика и развој на приватен сектор (Проект на Светска Банка –Скилс, Проект за имплементација на ЈИЕ Стратегијата 2020 – Работна група за индустриска политика) и др.
- Спроведувањето на Стратегијата за ЈИЕ 2020, во текот на 2017 година има остварено одреден напредок кон остварување на утврдените таргети во рамки на сите 5 столбови, преку фокусирани напори од страна на голем број на различни чинители на национално и регионално ниво.
- Донесен е сеопфатен повеќегодишен акциски план за регионална економска област на ЗБ6 (МАП), како заедничка основа за унапредување на економската соработка во Западен Балкан. Имплементацијата на активностите во МАП има за цел да резултира со формирање на регионална економска област заснована на правила на ЕУ и ЦЕФТА во Западен Балкан.
- Во 2017 година се одвиваше континуирана комуникација со ЕК преку придонес во подготовката на НПАА Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика, учество на Подкомитетот за трговија, царина и индустрија, континуирано следење на новите комуникации поврзани со реализација на стратегијата ЕУ 2020, учество во подготовка на Економска програма за реформи, учество во изработката на Годишна национална програма за членство во НАТО и др.
- Развојот на политиките на кластеринг во Република Македонија е дел од проактивната индустриска политика, која се стреми кон зголемување на конкурентноста на македонската економија. Кластерите значајно придонесуваат за зголемување на конкурентноста на македонската економија. Во Република Македонија. Во 2017 година постојат околу триесетина кластери во различни области. Суштинска карактеристика на развојот на концептот за кластерите во Република Македонија е приодот „од долу – према горе“.

- Во рамките на „Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017“ на Министерството за економија, во Делот: Поддршка на развојот на кластерското здружување, се поддржуваат проекти од кластерските здруженија насочени кон: поврзување на кластерите со универзитетите; развој на иновативни и брендирани

производи; интернационализација на кластерските здруженија, преку организирање на меѓународни настани за вмрежување; стратегии за кластерски базиран економски развој; развивање на стандарди за квалитет и прилагодување со барањата на ЕУ-пазарите; организирање на обуки; промотивни активности; размена на искуства.

- Во 2017 година продолжи со реализацијата на Акциониот план на Проект Формирање на Индустриски и зелени зони. Со овој проект потребно е да се изберат на локално ниво и да се изградат индустриски и зелени зони во кои ќе функционираат зелени индустрии. Тука се опфатени компании за производство на здрава и органска храна, рециклирање, обнова на материјали, менаџирање со отпад и негово третирање, исто како и компании кои транспортираат отпад. Соодветно, тука се вклучени и компании кои се занимаваат со третирање на отпадни води, контрола на загадување на воздух и опрема за третирање на отпад, како и компании кои нудат услуги од областа на следење, мерење и анализа. Зелените индустрии исто така, вклучуваат компании кои произведуваат и инсталираат опрема за обновлива енергија и компании кои развиваат, нудат и користат чисти технологии. Фазите на работа на Проектот се преточени во Акционен План (АП), со предвидена временска динамика и одговорности по институции. До крајот на 2016 година, се реализираше активноста предвидена во АП: Анализа на интерес на општините за изградба на зелени индустриски зони. Воедно во континуитет од 2016 и 2017 година, се работеше на Предлог измените на Законот за индустриски и зелени зони со кои се предвиде надлежност на Министерството за економија во случаите кога зоните се формирани во облик на Јавно-приватно партнерство.
- Во 2017година, е објавен јавен повик за кофинансирање на организирањето на специјализирани обуки – детални и длабински технолошки обуки во следните индустриски сектори: автомобилска, металопреработувачка, текстилна и прехрамбена индустрија. Избрани се тројца најповолни понудувачи за организирање на осум специјализирани обуки во спомнатите индустриски сектори. Оваа активност е дел од Програма за конкурентност, иновации и претприемништво 2017 година, Дел II, област А, мерка 10 - организирање на специјализирани обуки – детални и длабински технолошки обуки во индустриски сектори.

- Во 2017 година се продолжи со активности за усогласување со европското законодавство на легислативата за градежни производи. Донесен е нов Закон за градежните производи и се работат новите подзаконски акти согласно законот.

## III. <u>Внатрешен пазар :</u>

**Закони:**

- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за акредитација- промена во условите кои се однесуваат на избор на директор на Институтот за акредитација, во насока на дополнување на сертификатите за познавање на англиски јазик со АПТИС, како и бришење на условот за положен психолошки тест и тест за интегритет. (подготвен во 2017-во Владина процедура)
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стандардизација- промена во условите кои се однесуваат на избор на директор на Институтот за стандардизација, во насока на дополнување на сертификатите за познавање на англиски јазик со АПТИС, како и бришење на условот за положен психолошки тест и тест за интегритет. (подготвен во 2017-во Владина процедура)
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција- промена во условите кои се однесуваат на избор на директор на Државниот инспекторат за техничка инспекција, во насока на дополнување на сертификатите за познавање на англиски јазик со АПТИС, како и бришење на условот за положен психолошки тест и тест за интегритет. (подготвен во 2017-во Владина процедура)
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост- промена во условите кои се однесуваат на избор на директор и заменик директорна Заводот, во насока на дополнување на сертификатите за познавање на англиски јазик со АПТИС, како и бришење на условот за положен психолошки тест и тест за интегритет. (подготвен во 2017-во Владина процедура)
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата- промена во условите кои се однесуваат на избор на претседател и членови на Комисијата, во насока на дополнување на сертификатите за познавање на англиски јазик со АПТИС, како и бришење на условот за положен психолошки тест и тест за интегритет. (подготвен во 2017-во Владина процедура)
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за метрологијата- промена во условите кои се однесуваат на избор на директор на Бирото, во насока на дополнување на сертификатите за познавање на англиски јазик со

АПТИС, како и бришење на условот за положен психолошки тест и тест за интегритет. (подготвен во 2017-во Владина процедура)

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Државен пазарен инспекторат- промена во условите кои се однесуваат на именување на директор на Инспекторатот, во насока на дополнување на сертификатите за познавање на англиски јазик со АПТИС, како и со бришење на условот за положен психолошки тест и тест за интегритет, воедно и организирање на ефикасен систем за спроведување на прекршочните постапки и основање на прекршочен орган во рамките на министерството. (подготвен во 2017-во Владина процедура)
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на производи- организирање на ефикасен систем за спроведување на прекршочните постапки и основање на прекршочен орган во рамките на Министерството за економија. (подготвен во 2017-даден на мислење)
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите- организирање на ефикасен систем за спроведување на прекршочните постапки и основање на прекршочен орган во рамките на Министерството за економија. (подготвен во 2017-даден на мислење)
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на предметите од скапоцени метали- организирање на ефикасен систем за спроведување на прекршочните постапки и основање на прекршочен орган во рамките на Министерството за економија. (подготвен во 2017-даден на мислење)

**Програми:**

**2.1.** Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2017 – 2018 година („Службен весник на Република Македонија бр. 196/2014).

За реализација на активностите од Програмата за заштита на потрошувачите за 2017 година и одобрените 550.000 денари во буџетот на Министерството за економија за 2017 година се објави Јавен повик за доделување на финансиски средства на Здруженијата на потрошувачите и согласно спроведената постапката склучен е Договор за доделување на финансиски средства на Организација на потрошувачите на Македонија- Скопје, во конзорциум со локалните потрошувачки организации и тоа: Организација на потрошувачите на Битола, Организација на потрошувачите на Охрид, Организација на потрошувачите на Штип, Организација на потрошувачите на Кочани и Организација на потрошувачите на Тетово. Планираните активности се реализираат согласно утврдената динамика во Договорот во соработка со државните органи и институции, бизнис секторот и граѓанските здруженија.

**2.2.** Реализирани активности согласно Програмата за заштита на потрошувачите за период 2017-2018 година, во 2017 година.:

Активности кои се реализираа од институциите и субјектите носители на политиката за заштитата на потрошувачите, вклучени во Програмата за заштита на потрошувачите, беа насочени кон информирање на потрошувачите и бизнис секторот за правата на потрошувачите и нивната заштита и за таа цел се одржаа тематски семинари за законската регулатива, работни средби, тркалезни маси, работилници и кампањи.
Со цел поголема информираност, едуцираност и поголемо општо знаење за потрошувачките права на најмладата генерација, се спроведе и едукација на учениците и наставниците, преку одржување на работилници/дебати и медимски кампањи.
Продолжи соработката со невладиниот сектор од областа на заштитата на потрошувачите кој активно беше вклучен во реализацијата на активностите од Програмата.
Поголемата информираност на потрошувачите за нивните права, индиректно влијае и на создавање на услови за поголема безбедност на производите, подобрување на квалитетот на јавните и финансиските услуги, услугите во туризмот и угостителството, трговијата, здравствената заштита.
**2.3.** Национална програма за координација и превземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2017 и 2018 година
Националната програма за координација и превземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2017 и 2018 година е Трета предлог програма , и претставува продолжување на полтиката за зајакнат надзор на пазарот во однос на координиран организиран настап на органите за надзор на пазарот и Царинската управа на Република Македонија. Целта е да се обезбеди координација на надзорот на пазарот на производите и да се осигура дека производите ги исполнуваат барањата на висок степен на заштита на јавните интереси, зајакнување на институционалниот капацитет на органите за надзор на пазарот, ефикасно делување и спроведување на заеднички инспекциски активности, координирање на активностите како и усогласување на плановите и програмите на инспекциските тела.

**Активности**

- Информација за реализирани активности во 2016 година од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2015-2016 година
- Со Информацијата Министерството за економија ја известува Владата на Република Македонија за реализираните активности во 2016 година од институциите вклучени во Програмата за заштита на потрошувачите и тоа: Министерството за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат, Агенција за храна и ветеринарство и Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието.
- Извештај за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2016 година и на надлежните органи за надзор на пазарот

Извештајот за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2016 година и на надлежните органи за надзор на пазарот, е подготвена согласно член 8 од Законот за надзор на пазарот ("Службен весник на Република Македонија" број. 48/10 и 79/13), со кое се задолжува Координативното тело да достави до Владата на Република Македонија, Извештај за својата работа за претходната календарска година.

Извештајот е изготвен од претставниците на Координативното тело и тоа од: Министерство за економија, Царинската управа на Република Македонија, Државен пазарен инспекторат, Државен инспекторат за труд, Државен инспекторат за животна средина, Агенција за храна и ветеринарство, Државен санитарен и здравсртвен инспекторат, Државен инспекторат за техничка инспекција, Агенција за електронски комуникации и Агенција за лекови и медицински средства.

- Изработка на информации од областа на техничките прописи за слободно движење на стоките, возилата и заштитата на потрошувачите.
- Изработка на мислења по информации, извештаи, годишни програми, закони, подзаконски акти, иницијативи за оценување на уставноста на членови од Закони и сл.
- Донесување на решенија за овластување :

- Донесено е едно (1) Решенија за овластување на правни лица за идентификација и оцена на техничка состојба на возила врз основа на Законот за возила;
- Донесени се десет (10) Решенија за овластување на правни лица за вршење на работи на техничка служба, врз основа на Законот за возила;
- Донесени се седум (3) Решенија за овластување на правни лица за вршење на оцена на сообразност врз основа на Законот за безбедност на производите;
- Донесени се шест (6) Решенија за овластување на правни лица за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема врз основа на Законот за техничката инспекција;
- Донесено е едно (1) Решение за издавање на Дозвола за одобрување за давање на потрошувачки кредит

**Настани**

- Одбележан 15 март – Светскиот ден на потрошувачите. За таа цел се организираше настан во просториите на Агенцијата за електронски комуникации. За време на настанот беа презентирани најновите истражувања на Светската организација на потрошувачи – Consumers International, и Европската организација на потрошувачи - BEUC, во кои беа разработени темите за дигиталните права на потрошувачите и гео-блокирањето.

**Испити**

Одделението за возила за овие три години има организирано 6 (шест, односно по 2 испити секоја година) испити со теоретски и практичен дел на стручен испит за оспособеност на кандидатите кои извршуваат работи во правните лица за технички преглед на возила, за да можат да вршат идентификација и идентификација и оцена

на техничката состојба на возилата и овој испит го положиле 55 кандидати и за секој е издадена потврда за положен стручен испит.

- **ОБУКИ, ОВЛАСТУВАЊА, КОМИСИИ и ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ**

Вработените од Одделението за возила, членуваат во:

- **комисии:**

- Комисија за полагање на стручен испит за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата;
- Комисја за вршење на надзор на стручниот испит за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата; Комисии за попис во Министерството за економија;
- Комисија за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домакинствата и за надоместување на дел од тршоците за купени и вградени ПВЦ прозори;
- Комисија за разгледување на барањата за доделување на средства на деловни субјекти и иноватори;
- Комисија за разгледување на барањата за доделувањена средства за правни лица, реализатори на обуки.

- **Работни групи:**

- Рабптна група за изменување и дополнување на Законот за возила;
- Работна група за воведување на еколошки налепници на возилата;
- Работна група за одредување на субвенции за купување на електрични возила;
- Работна група за имплементација на систем за менаџмент со квалитет согласно барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2015 во Министерството за економија.

- **Технички комитети за стандарди во Институтот за стандардизација**

- ИСРМ ТК 1 (ATEX),
- ИСРМ ТК 10 (возила),
- ИСРМ ТК 19 (машини) и
- ИСРМ ТК 21 (LVD)

- **Надзорни комисии**

- Комората за проценувачи на Република Македонија,
- Националниот комитет за климатски промени,
- РЕЦ (Регионален центар за екологија).

## IV. Од Секторот за енергетика за 2017 година реализирани се следните активности

- **Законска регулатива**

**Нацрт текст на Закон за енергетика**- Со новиот Закон за енергетика се транспонираат ЕУ директиви и регулативи. За изработка на новиот Закон за

енергетика се обезбеди техничка помош од страна на УСАИД, а воедно во целиот процес активно учествуваат и претставниците на Енергетската заедница. Во периодот од август-декември 2017 година беа одржани повеќе состаноци на работната група и работните подгрупи, со сите засегнати институции и компании, консултантите и претставниците на Енергетската заедница. На 7.12.2018 година нацрт текстот на Законот за енергетика се објави на Единствениот национален регистар на електронски прописи (ЕНЕР) и на веб страната на Министерството за економија, со што истиот беше јавно достапен за доставување на забелешки до 27.12.2017 година. Воедно нацрт Законот за енергетика беше доставен и до сите надлежни институции на мислење и забелешки. На 11 и 12 декември 2017 година беа одржани јавни расправи во Стопанска комора на Република Македонија на која учествуваа сите заинтересирани страни, институции, компании, невладини организации, здруженија. Воедно се изработија и кореснодентните табели за усогласеност со ЕУ директивите и регулативите. Се планира до крајот на февруари 2018 година предлог Законот за енергетика да се достави до Владата на Република Македонија, заради одобрување.

**Нов Закон за енергетска ефикасност**- Фомрирана е работна група и во координација со Секретаријатот за енергетска заедница с еработи на подготовка на истриот. Согласно дадените рокови с епланира истиот во мај 2018 година да се достави до Владата.

- **Подзаконски акти**

**Третиот Акционен план за енергетска ефикасност**- Во јули 2017 година се донесе Третиот акционен план за енергеткса ефикаснот кој преставува обврска согласно обврските кои ги има Република Македонија како членка на Енергетската заедница.

**Извештај за спроведување на Програмата за реализација** на Стратегијата за развој на енергетиката за периодот 2013–2017 година со кој се утврди степенот на реализација во 2016 година, е изготвен и доставен до Владата како обврска согласно Законот за енергетика.

**Изјава за сигурност во снабдувањето со сите видови на енергија** е изготвена истата се достави до Секретаријатот за енергетска заедница на 03.08.2017

**Енергетскиот биланс** -Министерството за економија го подготви Енергетскиот биланс. Македонската енергетска асоцијација (МЕА), на 26.12.2017 година, го разгледуваше Енергетскиот биланс за 2018 година. Енергетскиот биланс е индикативен плански документ и во истиот се прикажуваат потребите од вкупните количества на енергија и од одделни видови енергија во земјата и можностите за нивно обезбедување со производство од домашните капацитети и од увоз.

- **<u>Пргорами и проекти</u>**

**Програма за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата и за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2017 година е реализирана и околу 36.000.000, 00 денари се исплатени на барателите кои ги исполнуваат условите предвидени во истата.**

**Повелбата за одржливост** -Во рамките на Самитот за земјите од Западен Балкан (WB6), Република Македонија ја потпиша Повелбата за одржливост, за што Секретаријатот за енергетска заедница има подготвено детален План за имплементација на мерки. Министерството за економија има формирано работни групи за за деловоите кои с еоднесуваат на унапредување на управувањето со енергетската ефикасност и за имплементација на мерки за подршка за подобрување на одржливоста на енергетскиот системи. Континуирано работата работните групи и изготвуваат извештакј за реализиран напредок.

**Работните-координативни групи во Енергетска заедница** -Претставници на Министерство за економија активно учествуваат во работењето координативните групи во тамките на Секретраијатот за енерегтска заедница

**Издавање на Уверенија за ракувачи со одделни видови на енергетски уреди и постројки и Овластувања за енергетски контролор**. Во текот на годината се одржуваат испитни сесии за полагање на стручните предмети. Согласно член 157–р и 137-љ од Законот за енергетика на кандидатите кои го положиле стручниот испит за ракувачи на одделни видови енергетски уреди и постројки им се издава Уверение за положен стручен испит во рок од 30 дена од денот на завршувањето на истиот, односно Овластување за енергетски контролор во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.

## V. ПОТТИКНУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

- Врз основа на подготвена апликација за подршка на Секторот за поттикнување на општествена одговорност преку инструментот ТАИЕКС за градење на капацитети на Секторот со цел изнаоѓање начин за изработка на Стратегија за општествена одговорност, која беше проследена до СЕП и до Делегација на Европската Унија, од Европската Комисија, беше прифатена и реализирана Експертска мисија за развивање на Стратегија за општествена одговорност, во Скопје, од 30.01 до 01.02.2017, со учество на експерти од Финска и Ирска и засегнати страни од Република Македонија.
- Организирана е 10та манифестација за доделување на Национална награда за најдобри општествено одговорни практики на македонските претпријатија релизирани во 2017 година

- Изработена е Јубилејна Брошура за наградените општествено одговорни практики на македонските претпријатија во периодот од 2007 до 2017 година
- Доставена е информација до Владата на Република Македонија за спроведени активности за промоција на концептот на општествена одговорност преку доделување на Национална награда за најдобри општествено одговорни практики на македонските претпријатија
- Се организираа и спроведоа континуирани средби со Координативното тело за општетствена одговорност на претпријатијата.
- Доставена е до Владата на РМ Информација за потребата од изработка на Среднорочна Стратегија за општествена одговорност на Република Македонија, со предлог заклучоци, со цел обезбедување континуитет и унапредување на националната политика за општествена одговорност на претпријатијата, по истекот на Националната агенда за ООП на РМ 2008-2012
- Секторт за ООП подготви техничка спецификација за објавување на Јавен оглас за изработка на Стратегија за општествена одговорност на Република Македонија и истиот се објави на 6.2.2018 година.
- Секторот за ООП предложи Проект за поддршка на областа општествена одговорност, кој беше прифатен од УСАИД и врз основа на тоа започна соработка за поддршка на областа општествена одговорност на претпријатијата во рамки на проектот Бизнис еко систем (Business eco systems).
- Континуирано се спроведуваа активности за координирање на соработката со граѓанскиот сектор и спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор во рамки на надлежностите на Министерството за економија.
- Редовно Секторот анализираше и даваше мислења за поднесени барања за издавање решенија со кои се потврдува јавен интерес за спонзорство или донација, согласно Законот за донации и спонзорство.
- Организирана е крводарителски акција во Министерството за економија и институциите просторно сместени во зградата на Министервото за економија, во соработка со Црвен Крст и Институт за трансфузиона медицина

## VI. Остварени резултати на Управата за наменско производство и превземени мерки и активности во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2017 година

Активностите на Управата беа насочени кон остварување на наведените стратешки приоритети преку следните приоритетни цели:

- Создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава;
- Активно учество во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици, вклучително тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци и миграциите;
- Утврдување на условите за добивање на согласност за вршење на производство и промет на вооружување и воена опрема (ВВО) и водење на регистар на ТД за издадени согласности за производство и промет на ВВО;
- Надзор над трговски друштва и трговци поединци кои вршат производство и промет на ВВО;
- Водење на постапка за издавање на дозволи за увоз,извоз,транзит и брокерски услуги;
- Во соработка со Комисијата за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење на извоз -увоз,транзит и брокерски услуги и офсет на ВВО, поднесен е извештај за работа за 2016 година до Владата на РМ.
- Следење, насочување и превземање мерки за спроведување на подготовките за одбрана на Министерството за време на воена состојба (согласно програма за ажурирање и изработка на документи од областа на одбраната) .
- Вршење на стручно административни работи поврзани со испитување и жигосување, односно обележувањето на огненото оружје и муниција.
- Превземање на мерки и активности за заштита на класифицирани информации.
- Оперативни работи од областа на кризниот менаџмент за намалување на ризиците од катастрофи,
- Организиран и координиран меѓуресорски пристап за спроведување на конкретни активности и мерки за намалување на ризиците од катастрофи (НРК),
- Вградување на НРК во среднорочните и долгорочните планови на МЕ, функциите, улогата и одговорностите на МЕ во остварување на Стратегијата за НРК;
- Интегриран, ефикасен и ефективен пристап за превенција, ранопредупредување, справување и надминување на последиците од катастрофи;
- За имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи постојано се реализираат активности за координација,комуникација и консултација помеѓу секторите во министерството и ЦУК,

  **VII**.

VII. **Минерални суровини:**

- 4 договори за детални геолошки истражувања на минерални суровини и
- 5 договори за експлоатација на минерални суровини.
- Издадени се 28 дозволи за експлоатација на минерални суровини.
- Спроведени 2 Јавни повици за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини;
- Спроведено полагање на стручен испит за добивање на лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања (прв – теоретски дел);
- Се надгради системот е-концесии кој се користи за транспарентно доделување на концесии за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини.

VIII. **Развој на туризмот:**

- Издадени се 1000 Потврди за работници со ниски приходи
- Поддржани се 23 Проекти за туризам (манифестации, проекти и бизнис форуми)
- Изготвени се 150 Проекти за уредување на излози и реклами во старите Чаршии низ РМ
- Поставени се 40 Туристички Информативни табли низ главните патишта во РМ
- Имајки предвид дека ДЗС - Областа туризам во Република Македонија ја следи со месечно статистичко истражување, како и со петгодишни анкети за патувањето на домашното население и со анкети за странските туристи во сместувачките објекти и за странските посетители на граничните премини. Со нив се обезбедуваат месечни и годишни податоци за туристи и ноќевања по видови и категории на сместувачки објекти, земја на припадност на туристите, видови места на престој, за капацитетите и слично. Исто така, се обезбедуваат и податоци за социоекономската структура на домашните и на странските туристи, начинот и целта на патувањето - престојот, како и податоци за големината и структурата на трошоците и други податоци поврзани со патувањето-престојот.
- Областа угостителство се следи со тримесечно, годишно, тригодишно и петгодишо статистичко истражување. Со овие истражувања се обезбедуваат податоци за големината на прометот и за неговата структурата според видот на услугите и одделните производи, тримесечно и годишно, како и податоци за

потрошувачката на суровини за приготвување храна во угостителството - инпутот, за техничката опременост и за вработените во угостителството според занимањето и образованието, а исто така и податоци за големината на сместувачките капацитети, за техничките и други карактеристики со кои се изразува нивото на комфор и содржината на туристичката понуда.

- Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на туристите во декември 2017 година изнесува 51 599, а бројот на ноќевањата изнесува 103 721. Бројот на туристите во декември 2017 година, во однос на декември 2016 година, е зголемен за 22.6%, а бројот на ноќевањата е зголемен за 28.0%. Бројот на домашните туристи во декември 2017 година, во однос на декември 2016 година, е зголемен за 19.0%, а бројот на странските туристи е зголемен за 24.7%.
- Бројот на ноќевањата на домашните туристи во декември 2017 година, во однос на декември 2016 година, е зголемен за 29.3%, а бројот на ноќевањата на странските туристи е зголемен за 27.0%.
  Во периодот јануари - декември 2017 година, во однос на истиот период од претходната година, бројот на туристите е зголемен за 16.6% и тоа: кај домашните туристи има зголемување за 6.3%, а кај странските има зголемување за 23.5%, односно во 2017 година вкупниот број на туристи стигна **998 841** што претсавува најголема бројка досега.
  Во периодот јануари - декември 2017 година, во однос на истиот период од претходната година, бројот на ноќевањата е зголемен за 12.8% и тоа: кај домашните туристи има зголемување за 5.2%, а кај странските има зголемување за 22.8%, односно **2 775 152** остварени ноќевања.
- *Согласно податоците од НБРМ* – Дирекција за статистика од обработените податоци заклучно со септември 2017 година девизниот нето прилив кој е остварен от туризмот изнесува 100.27 милиони USD. Во споредба со истиот период од 2016 година во кој имавме нето девизен прилив во износ од 82.16 милиони USD, што значи дека имаме ЗГОЛЕМУВАЊЕ за 22.04%

## IX. КОНКУРЕНТОСТ, ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО ДЕЛ (А) ЗА 2017 ГОДИНА

Секторот ја реализираше **Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година,** дел (А)- Поддршка и развој на мали и средни претпријатија. Доделена беше директна финансиска поддршка како на

претпријатијата така и на институциите кои даваат помош и услуги на малите и средни претпријатија.

Првично буџетот за делот (А ) од оваа програма наменет за поддршка на развојот на мали и средни претпријатија изнесуваше 8.890.000 денари.

Новата Влада со **Планот за економски раст** се определи за уште поинтензивна поддршка на секторот мали и средни претпријатија и со ребалансот на Буџетот во месец август и со пренамена на средства обезбеди уште дополнителни 16.000.000 денари за оваа намена, со што вкупниот буџет за поддршка на МСП се зголеми на 24.890.000 денари.

Поддршката се спроведуваше преку објавување на јавни повици со цел реализација на следните мерки:

**1. Поддршка на занаетчиско производство и услуги преку субвенционирање на трошоците на вршителите на занаетчиска дејност за набавка на опрема, алати, уредување на деловен простор, стручно оспособување на занаетчиите и сл.**

За оваа мерка беа определени 2.100.000 денари. Пристигнати беа 24 апликации од кои 23 ги исполнија условите и беа субвенционирани со средства во вкупен износ од 2.063.010 денари.

**2. Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандарди.**

За оваа мерка во програмата беа издвоени 800.000 денари. Аплицираа 14 претпријатија, од кои 11 исполнуваа услови и истите беа субвенционирани со вкупен износ од 694.634 денари.

**3. Финансиска поддршка на МСП за тренинг на HACCP тим за воведување, одржување и модификација на HACCP систем.**

Средствата за оваа мерка беа во вкупен износ од 300.000 денари. Пристигна една апликација и истата беше субвенционирана со максимален износ од 40.000 денари.

**4. Финансиска поддршка односно кофинансирање на трошоците за воведување и сертифицирање на ХАЛАЛ систем**

За оваа мерка вкупниот износ на средства беше 2.200.000 денари и од пристигнатите 13 апликации сите ги исполнија условите. Сите средства за оваа мерка се искористени.

**5. Финансиска поддршка за женско претприемништво односно субвенционирање на претпријатија во сопственост и управувани од жени;**

Вкупниот износ на средства за оваа мерка во програмата изнесува 2.400.000 денари. Од вкупно пристигнати 36 апликации, 18 ги исполнија условите согласно јавниот повик и се субвенциопнирани со вкупен износ на средства од 1.729.786 денари.

**6. Кофинансирање на проекти за развој и поддршка на МСП и промоција на претприемништвото**

Средствата за оваа мерка во вкупен износ од 3.500.000 денари беа целосно искористени. Со овие средства кофинансирани се 24 проекти од вкупно пристигнатите 26.

**7. Кофинансирање на проекти на занетчиските комори и на еснафите за развој на занаетчиството.**

За оваа мерка од вкупните средства во износ од 1.410.000 денари искористени се 1.242.500 денари и со нив се кофинансирани 7 проекти од вкупно 10 пристигнати.

Дополнителните 16 милиони денари обезбедени со ребалансот на Буџетот и со пренамена на средства од одделни други мерки, овозможи креирање на нова мерка:

**8. Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија.**

Истата се имплементираше во септември/октомври. како дополнување на постојните мерките. Основна цел на мерката е да се овозможи на малите и средни претпријатија кои се занимаваат со производство и услуги преку набавка и користење на pософистицирана, помодерна опрема и технологија да ја зголемат продуктивноста, конкурентноста и унапредување на претприемништвото.

Предмет на мерката беше субвенционирање на 70% од докажаните трошоци по апликант, но не повеќе од 300.000 денари, направени за следните намени: Набавка на опрема и алати; дизајн на производ и изработка на визуелен идентитет на производот/услугата и за учество на домашни саеми во текот на 2017 година.

За оваа мерка беа обезбедени средства во вкупен износ од 11.900.000 денари.

Пристигнати беа вкупно 64 барања, од нив 46 ги исполнија условите од јавниот повик и истите се субвенционирани во вкупен износ од **9.570.015** денари.

**Од вкупно доделените Буџетски средства во износ од 24.890.000 денари. за реализација на Потпрограмата ДГ, односно Програмата за конкуренмтност иновации и претприемништво за 2017 година , за делот А- Подрршка и развој на**

**мали и средни претпријатија , исплатени се вкупно 21.039.486 денари со кои се поддржани 143 деловни субјекти.**

Покрај реализацијата на годишната Програма КИП за 2017 година, Секторот паределно работеше и на изготвување на Стратегија за МСП и Стратегија за развој на женското претприемништво во РМ.